РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО
СУ03 бр.66/20120
06.02.2020 година
К и ч е в о

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ СУД КИЧЕВО

## ЗА 2019 ГОДИНА

**КИЧЕВО ФЕВРУАРИ 2020 ГОДИНА**

# ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО

## ВОВЕД

ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО како самостоен и независен државен орган во рамките на судскиот систем и во 2019 година ја вршеше својата судска функција врз основа на Уставот, Законите и Меѓународните договори, ја обезбедуваше примената на правото, заштитата на човековите слободи и права во рамките на својата основна надлежност.

Со презентацијата на овој Годишен извештај, се остварува принципот на транспарентност во извршување на неговите функции, заради информирање на јавноста за сите аспекти на функционирањето на судот како битен сегмент на судската власт, како би се зголемила правната сигурност и довербата во правосудниот систем на Република Македонија .

Согласно основната надлежност во извештајната 2019 година за работата на Основниот суд во Кичево во овој извештај ќе бидат дадени податоци за обемот за работата на судот за 2019 година, ажурноста во работењето на судот, квалитетот за работата на судот.

Овој извештај е правен врз основа на податоците добиени од АКМИС системот.

## ОБЕМ НА РАБОТА

Обемот на работа во судот ги опфака предметите за работа од целокупната стварна надлежност на судот прикажани преку сумарниот преглед на предметите по области, опис на предметите по области, нерешени предмети од претходната година, примени предмети во 2019 година, вкупно предмети во работа во 2019 година, решени предмети во 2019 година и односот на намалувањето односно зголемувањето на незавршени предмети на 31.12.2018 година во однос на нерешени предмети на 31.12.2019 година.

## ДВИЖЕЊЕ НА ОБЕМОТ НА РАБОТА ВО СУДОТ

На 01.01.2019 година останати предмети од претходната година во овој суд има 1044, примени нови во 2019 година има 14.140 предмет, 232 се повторно заведени предмети, 1 погрешно заведени предмети или вкупно во работа биле 15.415 , од кои решени се 13.961 предмети, или 90,56%, а останале нерешени 1454 предмети или 9,43%.

Од горните показатели следува, дека судот со ново примените предмети 14.371 и решените 13961 не го совладал тековниот прилив и го зголемил заостатокот на предметите за 410 предмети.

Споредбено со претходната година може да се каже дека во 2019 година зголемен е приливот на предметите во кривичниот оддел и тоа кај прекршочните предмети, како и зголемен приливот на предметите во граѓанскиот оддел.

**ДВИЖЕЊЕ НА ОБЕМОТ НА РАБОТА НА СУДОТ**

**ОПРЕДЕЛЕНИ ДЕЈСТВИЈА ВО ПРЕДХОДНА ПОСТАПКА**

Од претходната 2018 година има останато 2 нерешен предмети, примени во 2019 година има 115 предмети или вкупно во работа во 2019 година имало 117 предмети (К-ПП), завршени се вкупно117 предмети, или 100% .

**КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА**

Од 2018 година од овој вид на предмети останале нерешени 34 предмети, ново примени во извештајната 2019 година се 180 предмети и 10 повторно заведени предмети или вкупно во работа биле 224 предмети од нив се решени 193 предмети, или 86,16 %, а останале за решавање уште 31 предмети против полнолетни лица или 13,83%.

Споредбено со претходната година кога имало во работа 246 кривични предмети за полнолетни лица , во извештајната година тој број е намален за 22 предмет.

**РАЗНИ КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ**

Во извештајната година овој суд постапувал и по разни кривични предмети во кој спаѓаат: кривичните замолници, во работа биле 8 и истите се решени во извештајната година, разни истражни дејствија и кривични предмети по уписник „КР„ одлуки на кривичен совет „КС„ условен отпуст , помилување, вонредно ублажување на казна, вонредно преиспитување на правосилна пресуда и повторување на кривичната постапка, во извештајната година од овој вид на предмети- одлуки на кривичен совет „КС, вкупно во работа биле 217 предмети од кој решени се 214 предмети, или 98,61%, а останале за решавање уште 3 предмети или 1,38%.

**ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ**

На 01.01.2019 година останале нерешени 47 предмети. Ново примени во работа во извештајната година се 1351 предмети и 9 повторно заведени предмети или вкупно во работа биле 1407 прекршочни предмети.

Во 2019 година се решени 1315 предмети или 93,46%, предмети, а останале за решавање уште 92 предмети или 6,53%.

Споредбено со претходната година кога имало во работа 1332 прекршочни предмети, во извештајната година тој број е зголемен за 75 предмети.

**ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ**

На 01.01.2019 година останати незавршени предмети биле 91 ,ново примени во текот на извештајната година има 1648 предмети или вкупно во работа биле 1739 предмети, од кои решени се 1658 предмети, или 95,34%,а останати се за решавање 81 предмети или 4,65%.

На ниво на кривичен оддел може да се констатира дека во претходната година останале нерешени 181 предмети, ново примени предмети во кривичен оддел се 3523 предмети , вкупно во работа во извештајната година биле 3704 предмети, од кои решение се 3497 предмети, или 94,41%, а останале нерешени 207 предмети, или 5,58%.

**ГРАЃАНСКА ОБЛАСТ**

На 01.01.2019 година останале нерешени 561 предмети, ( спорови од мала вредност, имотни спорови-основна надлежност, семејни спорови, работни спорови, платни налози по приговор, физички делби, останати ВПП предмети, О1 предмети, приговори против налог за извршување и повторување на постапка),примени во извештајната година се 1911 предмети, или вкупно во работа биле 2472 предмети, од кои решени се 1578 предмети, или 63,83 % а останале за решавање уште 894 предмети, или 36,16%.

Може да се констатира дека во овој оддел има зголемување на приливот на предметите од предходната година.

**ВОНПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ**

На 01.01.2019 година останале 302 предмети (разни вонпарнични предмети, ЗАВ-Х апостили, ЗАВ, Замолници, оставини решени од нотар), а примени во извештајната година се 3994 или вкупно во работа биле 4296 предмети, од кои решени се 3946 предмети или 91,85 %, (1125 разни вонпарнични предмети, 71 издадени дозволи, 1 противизвршување, 2227 ЗАВ-Х апостили, 3 заверки , 31 замолници, 482 оставински предмети), а останале за решавање уште 350 предмети или 8,14%.

## АДМИНИСТРАТИВНА РАБОТА НА СУДОТ

Во текот на на извештајната 2019 година, биле во работа вкупно 930 предмети (предмети од СУ.СУ ДОВ.СТ.ДОВ., изземање на судија, слободен пристап до информации, преставки и поплаки) и сите се решени. Согласно законските овластувања и одредбите од Судскиот деловник по истите постапува Претседателот на судот .

| Судска Управа | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на предмет од уписник | Нерешени предмети на почетокот на годината | Новопримени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
| Су - Су-07 | | 836 | | 836 | 836 | |
| Су-ДОВ и СУ-СТРДОВ | | | | | | |
| СУ-ИЗЗ | | 76 | | 76 | 76 | |
| УПП | | 6 | | 6 | 6 | |
| СПИ | | 12 | | 12 | 12 | |
| Вкупно | | 930 | | 930 | 930 | |

## АЖУРНОСТ

## АЖУРНОСТ НА СУДОТ

Совладувањето на приливот на предметите, времето на решавање на предметите, бројот на старите нерешени предмети и месечниот заостаток на предметите ја чини ажурноста на судот.

а) Според критериумот совладување на приливот на предметите судот се смета за ажурен ако го совлада приливот на предметите во текот на годината.Од прегледот може да се заклучи дека од приливот во текот на годината во Основниот суд Кичево и тоа 14371 предмети, решени се 13961 предмети или 97,14%,што значи дека во извештајната година овој суд работел неажурно и не го совладал приливот.

б) Ажурност спрема бројот на стари нерешени предмети.

Спрема овој критериум за стари нерешени предмети се сметаат незавршените предмети кој за прв пат се заведени пред 2 години сметано од извештајната година.

Стари нерешени предмети во кривичен оддел има само 5 предмети КУИКП, во граѓански оддел 50 предмети (9 облигациони , 14 имотни спорови, 4 мала вредност, 14 вонпарнични предмети и 9 физички делби), и 100 оставини кои се кај нотарите. На почеток на 2019 год. останати старите предмети имало 52 (без оставини), новопримени се 113, вкупно во работа биле 165 предмет од

кои се решени 110, а останале за решавање 55 предмет, што значи дека спрема овој критериум овој суд не е ажурен.

## КВАЛИТЕТ НА РАБОТА НА СУДОТ

### КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА

Од вкупно решените 193 предмети, се обжалени 34 одлуки, или 17,61% а вратени предмети од второстепениот суд се 40 предмети или 20,72%, од кои , потврдени се 33 предмет или 82 5,19%, укинати 3 предмети или 7,5%, преправени 2 предмети или 5 %, 1 одлука делумно укината или 2,5%. и 1 одлука отфрлена или 2,5%.

Соодносот на укинатите и преиначените предмети во однос на решените во овој оддел, е следен: од вкупно решените 193 предмети укинати се 3 предмети или 155%, а преиначени е 2 предмети или 1,03%.

### ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ

Од вкупно решените 1315 прекршочни предмети обжалени се 73 или 5,55%, а вратени од второстепениот суд се 78 предмети или 5,93 %, од кои , потврдени се 59 предмети, или 75,64%, укинати 3 предмети или 3,84% , и преиначени 15 предмети или 19,23% и 1 со одлука отфрлена или 1,28%.

Соодносот на укинатите и преиначените предмети во однос на решените во овој оддел е следен : од вкупно решените 1315 предмети укинати се 3 предмети или 0,22%, а преиначени се 15 предмети или 1,14%.

| Квалитет на предмети на ниво на оддел-кривичен | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
| Број | Број | % | Број | % | Број | % |
| 1722 | 104 | 6,03 | 7 | 0,40 | 17 | 0,98 |

### ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ
### ПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ

Од вкупно решените 1359 предмети (спор од мала вредност, имотни спорови, облигациони спорови, работни и семејни спорови, приговор против платен налог, повторување на постапка, ПИ, приговор против налог за извршување) обжалени се 591 предмети, а вратени од второстепениот суд се 704 предмети или 51,80%, од кои , потврдени се 451 предмети, или 64,06 %, укинати 150 предмети или 21,3 %, 89 предмети се преиначени или 12,64%, делумно укинати 10 предмети или 1,42% и 2 предмети со одлука отфрлена или 0,28%.

Соодносот на укинатите и преиначените предмети во однос на решените во овој оддел е следен: од вкупно решените 1359 предмети укинати се 150 предмети или 11,03%, а преиначени се 89 предмети или 6,54%.

**ВОНПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ**

Од вкупно решените 220 предмети, физички делби, ВПП предмети оставина по приговор, обжалени се 82 предмети, а вратени од второстепениот суд се 83 предмети, од кои потврдени се 45 предмети или 54,21 % 3 предмети преиначени или 3,61 %, 31 предмети се укинати или 37,34%, 4 предмети со одлука делумно укината или 4,81 %.

Соодносот на укинатите во однос на решените во овој оддел е следен : од вкупно решените 220 предмети, укинати се 31 предмети или 14,09%, и 3 преиначени или 1,36%.

| **Квалитет на предмети на ниво на оддел-граѓански** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Решени предмети** | **Потврдени** | | **Укинати** | | **Преиначени** | |
| **Број** | **Број** | **%** | **Број** | **%** | **Број** | **%** |
| **1579** | **496** | **31,41** | **181** | **11,46** | **92** | **5,82** |

| **Квалитет на предмети на ниво на суд** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Решени предмети** | **Потврдени** | | **Укинати** | | **Преиначени** | |
| **Број** | **Број** | **%** | **Број** | **%** | **Број** | **%** |
| **3301** | **600** | **18,17** | **188** | **5,69** | **109** | **3,30** |

**ОСТАВИНСКИ ПРЕДМЕТИ**

Вкупно во работа биле 818 предмети од кои 482 предмети се решени од страна на повереницте на судот –Нотарите.

**ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

По однос на човечките ресурси односно административниот персонал вкупно вработени во извештајната година се 61 вклучувајќи ја судската полиција како и вработените согласно Закон за работни однос, или вкупно 53 административен персонал и 8 судии.

Напоменуваме дека голем број на административниот персонал е во поодминати години, па во извештајната година три лица заминаа во пензија а, постојано имаше лица кои беа на боледување. Има недостатокот од судски административен персонал, дактилографи иако согласно систематизација ни се предвидени 15 работни места, а пополнети се 8, иако повеќе пати баравме до

Стручната служба при Судскиот буџетски совет да ни одобрат вработување на ваков кадар ,тоа нешто не се случи. Во извештајната година ни беа одобрени вработувања на 3 извршители -1 виш референт,1 самостоен судски референт – Технички секретар на Претседателот на судот и 1 помлад судски референт – доставувач, меѓутоа од страна на Претседателот на судот огласот беше поништен.

Согласно систематизацијата за работни места предвидени се 36 работни места за судски службеници со 151 извршител за тие работни места , вклучувајки ги тука судската полиција и вработените согласно законот за работни односи, па сметаме дека во текот на 2020 година ќе треба да се пополнат поголем дел од нив, бидејќи од јануари 2020 година овој суд ќе работи со проширена надлежност.

Треба да се има во предвид дека поголем дел од предвидените работни места не се потполнети, а посебно, раководните, стручните работни места - советник, виш соработник, стручен соработник, а од административните не се пополнети работни места дактилографи, архивар, самостојни судски референти, судски референти извршители и други административно технички службеници за да може нормално и секојдневно да функционира судот.

Во извештајната година од предвидените 2 работни места судски советник пополнето е само едно, од предвидените 14 извршители за работни места стручни соработници беа пополнети 6, а од предвидените 14 работни места помлад судски соработник пополнети се само 6. Стручниот кадар има придонес во работењето и е од големо значење, бидејќи истите многу придонесоа во спроведување на Акмис системот посебно во анонимизарање на одлуките, но постојниот број на судски службеници воопшто не овозможува истите ефикасно да ја помагаат работата на судијата бидејќи истите се распоредени да работат со двајца или повеќе судии.

Во извештајната година судот ја започна годината со 9 судии но, во месец февруари 2019 еден судија замина во пензија , а еден судија беше 3 месеци на боледување па, така судот работеше со 7 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот до месец Мај а, од месец Мај со 8 судии, носителите на судската функција ги исполнија задолжителните часови во Академијата за обука на судии и јавни обвинители и нивни заменици. Исто така дел од судската администрација посети неколку обуки организирани од страна на Академијата.

## ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во канцеларијата за односи со јавноста во извештајната година, нема поднесени писмени барања за одредени прашања, но најчесто поставувани се телефонски прашања по однос најчесто на граѓански предмети, до каде е постапката или дали предметот се вратил од по жалба и на истите е одговарано телефонски.

По законот за слободен пристап на информации од јавен карактер во извештајната година примени се 12 барања на истите е одговорено ,се прави записник и до подносителот се доставува известие за бараната информација.

На ВЕБ страната на судот во текот на годината објавени-анонимизирани се 917 одлуки, недоволниот број на стручен јадар е причина за анонимизирање на мал број на одлуки.

**ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА**

По однос на информатичката опрема треба да се напомене дека во 2019 година се подобри состојбата со компјутерската опрема со оглед да во 2018 год. се набавија 10 нови штампачи, 15 компјутери и 1 лаптоп, а и во 2019 се набавија 8 нови персонални компјутери.

По однос на примена на програмски апликации во судот, се применуваат апликации кои ќе доведуваат до олеснување на работењето на сите вработени .

По однос на просторните услови за работа на овој суд ,треба да се спомене дека има потреба од воведување шалтерски систем кое барање беше доставено до Судски буџетски совет, веќе неколку години наназад, од друга страна има потреба од менување на канцелариskiот мебел во просториите, бидејќи истиот е застарен и оштетен. Пет простории од судската зграда користат ОЈО Кичево и ДП Кичево па доколку се изнајде решение за ослободување на овие простории состојбата значително би се подобрила.

**ЈАВНИ НАБАВКИ**

Во тековната година беа спроведени сопствени набавки и тоа:

- Набавка на тонери, избрани добавувачи ДТП „ЕКОС „ ДООЕЛ Тетово, ДТПУУ„ЧАКАРОСКИ„ ДООЕЛ Кичево и ТДТУ „СПРИНТ СОЛУШНС„ Скопје, вредност на набавката 73.301,60 ден. со ДДВ.

- Набавка на канцелариски материјали, избран добавувач ДПТУ „ГРАФОТЕКС„ ДОО Скопје и ДПТУ „ГРАФОТЕКС„ ДОО Скопје, вредност на набавката 40.896,86 ден. со ДДВ.

- Набавка на гориво за затоплување, избран добавувач ДППУ „Пуцко Петрол“ с.Ижиште,М.Брод, вредност на набавката 968.992,40 ден. со ДДВ.

- Набавка на печатени материјали, избран добавувач ДПТУ„АСТИГ ТРЕЈД„ ДООЕЛ„ Битола,вредност на набавката 76.700,00 ден. со ДДВ.

- Набавка на гориво за службените возила , избран добавувач ДТПУ „Пуцко Петрол с.Ижиште, М.Брод, вредност на набавката 67.638,78 ден. со ДДВ.

- Набавка на информатичка опрема-компјутери со доделени капитални инвестиции, избран добавувач „МАКПЕТРОЛ„ АД Скопје, вредност на набавката 253.050,00 ден.со ДДВ.

- Набавка на климатизери со доделени капитални инвестиции, избран добавувач ДТПТУ„ФИЛАДЕЛФИЈА КОМ„,Кочани, вредност на набавката 290.280,00 ден.со ДДВ.

- Набавка на метал-детектор врата со доделени капитални инвестиции, избран добавувач ДПТУ „СЕКТРОН„ ДООЕЛ Скопје, вредност на набавката 247.800,00 ден.со ДДВ.

- Набавка на хартија за печатење, преку групна јавна набавка од Апелационен суд Гостивар, добавувач „МАКЕДОНИЈА БИРО „Скопје, вредност на набавката 79.990,00 ден. со ДДВ.

**ФИНАНСИРАЊЕ НА СУДОТ**

Во текот на извештајниот период Основниот суд во Кичево обезбедуваше средства за своето работење од страна на Буџетот на Република Македонија. Овде треба да се напомене дека по однос на материјално финансиското работење, почетното салдо на неизмирени обврски пренесени од 2018 година изнесуваше 2.770.213,00 денари, (од кои 2.585.326,00 ден. се обврски од плата, а останатиот дел на износ од 184.887,00 ден. се однесуваат на неизмирени обврски од фактури и решенија), а 2019 ја завршивме со неизмирени обврски од 3.019.379,00 денари, (од кои 2.656.847,00 ден.се обврски од плата , а останатиот дел на износ од 362.532,00 ден. се однесуваат на неизмирени обврски од фактури и решенија).

Споредбено со 2018 година,во 2019 година салдото на неизмирените обврски е зголемено.

Во тековната година извршена е реализација во вкупен износ од 37.368.004,00 ден.

**ОЦЕНКА ЗА РАБОТА НА СУДОТ**

Анализирајќи ја целокупната работа на судот за 2019 година може да се констатира дека и покрај сестраното ангажирање на судиите и судските службеници, како и судската адиминистрација во целина, Основен суд Кичево во 2019 не го совлада вкупниот годишен прилив на нови предмети, и го зголеми заостатокот на предметите. Ова нешто се должи на фактот што судот работеше само со 8 судии вклучувајќи го тука и Претседателот на судот, три судски службеници заминаа во пензија , зголемениот обем на работа , а од друга страна

на предходниот Претседател му помина мандатот и судот работеше со ВД Претседател до 06.11.2019г. кога се избра новиот Претседател на судот.

ПРИЛОГ: Табели

Претседател на судот,
Амдије Зенку